ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 2 ДАТА 27.01.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 2 ДАТА 27.01.2017 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- РЕШЕНИЕ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 27.01.2017 година**

❖ **Промена на име на фудбалски клуб:**

Врз основа на Барањето на Фудбалскиот клуб „Љубанци 1974„ од Кавадарци број 03-05/1 од 26.01.2017 година за промена на име на клуб од ФК „Љубанци 1974„ Кавадарци во ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, а со Одобрение од Комисијата за лиценцирање на ФФМ со Решение број 0303-127/1 од 24.01.2017 година и Решение од Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС број 6869106 од 26.01.2017 година, деловоден број 30620170000036, Фудбалскиот клуб „Љубанци 1974„ од Кавадарци ГО МЕНУВА ИМЕТО во Градски фудбалски клуб „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, со седиште на улица „Дисанска„ број 2 во Кавадарци.

Сите досега регистрирани и пререгистрирани фудбалери на Фудбалскиот клуб „Љубанци 1974„ од Кавадарци остануваат членови на ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци со право на настап кога тоа го стекнале за ФК „Љубанци 1974„ од Кавадарци.

❖ **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци фудбалерот Кузманов Пане од ФК „Тиквеш 2014„ од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Дополнување на документација од**
**Седница од 21.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАМЕНИЦА САСА„ Македонска Каменица: Златковски В. Зоран од ФК „Кавала„ од Кавала, Грција, по член 35/11.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0302-127/3
26.01 2017 год.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Врз основа на член 5в став 2 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Раде Трајковски - член, Кармен Цилакова – член и Кирил Естатиев – член, постапувајќи по барањето за промена на назив со деловоден бр. 03-03 од 16.01.2017 година поднесено од Здружение на граѓани Фудбалски клуб Љубанци – 1974 од Кавадарци, со адреса на ул. 29-ти Ноември бр.5 - Кавадарци, со ЕМБС 6869106 и ЕДБ 4038013507327, а во ФФМ заведено под број 0302-127/1, на седницата одржана на ден 24.01.2017 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** барањето на Фудбалски клуб Љубанци – 1974 од Кавадарци, со адреса на ул. 29-ти Ноември бр.5 - Кавадарци, со ЕМБС 6869106 и ЕДБ 4038013507327 за промена на назив во **Здружение Градски Фудбалски Клуб Тиквеш 1930 – Кавадарци,** согласно одлуката на Собранието на клубот со број 03-01/6 донесена на 12.01.2017 година.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974 од Кавадарци со адреса на ул. 29-ти Ноември бр.5 - Кавадарци, со ЕМБС 6869106 и ЕДБ 4038013507327, да достави Решение за извршена промена на назив во Централен Регистар на РМ, веднаш по уписот, а не покасно од 30 дена пред почеток на пролетниот дел од првенството, до ОФС Кавадарци, редакциски одбор на МакФудбал и Комисија за Лиценцирање на ФФМ.

3. Решението стапува на сила веднаш, а ќе биде објавено во Макфудбал.

**О б р а з л о же н и е**

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 24.01.2017 година, го разгледа барањето бр. 03-03 од 16.01.2017 година поднесено од Здружение на граѓани Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974 од Кавадарци, со адреса на ул. 29-ти Ноември бр.5 - Кавадарци, со ЕМБС 6869106 и ЕДБ 4038013507327, во ФФМ заверено под бр. 0302-127/1 на 17.01.2017 за промена на назив.

Барателот со доставеното барање бр. 03-03 од 16.01.2017 година и прилозите кон истото ја извести Комисијата за намерата за промена на назив и побара одобрение за промена на називот на клубот од ФК Љубанци 1974 - Кавадарци во Градски Фудбалски Клуб Тиквеш 1930 - Кавадарци. Со барањето Барателот приложи и:

- Одлука за промена на седиште на клубот заведена под бр. 03-01/6 од 12.01.2017 година, донесена од страна на Собранието на клубот.
- Потврда од ОФС Кавадарци заведена под бр. 17/17 од 24.01.2017 година.

По разгледување на доставената документација Комисијата ја констатираше следната фактичка состојба.

Барателот е клуб кој се натпреварува во Втора МФЛ. Одлуката за промена на назив на клубот заведена под бр. 03-03 од 16.01.2017 година донесена од страна на Собранието на клубот. Комисијата констатира дека ОФС Кавадарци со потврда заведена под бр. 17/17 од 24.01.2017 год. потврдува дека во ОФС Кавадарци нема друг клуб со исто име како барателот.

Како главна причина за промена на називот барателот првенствено ги наведува слабите резултати во есенскиот дел како и малата посетеност на нивните натпревари а поради тоа што граѓаните на Кавадарци повеќе го подржуваат и посакуваат името Тиквеш за нивниот фудбалски клуб.

Воедно од страна на клубот е наведено дека имаат поголеми можности за финансирање од бизнис секторот во Кавадарци, со чија помош во голема мера би се подобриле условите за работа и резултатите во клубот.

Согласно член 5в став 2 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери е утврдено „Клуб може да го промени своето име најдоцна 30 (триесет) дена пред почеток на натпреварувачката сезона, односно пролетниот дел од првенството, по претходно добиено одобрение во пропишана постапка од надлежен орган и тоа:

- за клубови од Прва и Втора МФЛ од Комисија за лиценцирање на ФФМ„

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека се исполнети условите од член 5в став 2 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери по што донесе решение како во диспозитивот.

**Комисија за лиценцирање**
Претседател,
Александар Најдовски

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од приемот на решението до Комисија за жалби за лиценцирање на ФФМ со уплата на такса во висина од 12.000,00 денари на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

**ДН:**

- Фудбалски клуб ФК Љубанци 1974 - Кавадарци
- ОФС Кавадарци
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секој СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална ба нка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

ТЕЛЕФОН 02/3204-470 ТЕЛЕФАКС 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**